# Тестирање - Менса Македонија 19.12.2015

Напишано од Administrator
Понеделник, 07 Декември 2015 20:45 - Последно освежено Понеделник, 07 Декември 2015 20:48

Организацијата на луѓе со натпросечна интелигенција Менса Македонија, по повод својот 16 роденден организира бесплатно тестирање за интелигенција.

Тестирањето ќе се одржи на 19 декември во Амфитеатарот на Медицински факултет (кај Неврофизиологија) во Скопје со почеток во 12 часот. За тестирањето не е потребно пријавување, а единствен услов за тестирање е да имате наполнети 16 години.

Тестирањето се одвива со стандардизирани тестови за интелигенција на Mensa International® и резултатите се тајни. Доколку вашиот резултат е во горните 2% од светската популација, стекнувате право да станете член на Менса Македонија, а со тоа и во Mensa International®.

Повеќе информации за Менса Македонија и Mensa International® можете да најдете на официјалните веб-страници mensa.org.mk и mensa.org, соодветно. Доколку имате останати прашања слободно обратете се на mensamacedonia@gmail.com.